Град Скопје

**ГРАД СКОПЈЕ-СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНМСКИ РАЗВОЈ**
Бул. „Илинден“ бр.82 Скопје
Тел:02 3 297-272

# „КРАТКА АНАЛИЗА ОД СПРОВЕДЕНАТА АНКЕТА ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА МИСЛЕЊЕТО НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА СОРАБОТКАТА НА ГРАД СКОПЈЕ КАКО ПОСЕБНА ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА СО БИЗНИС СЕКТОРОТ ”

Град Скопје

**ГРАД СКОПЈЕ-СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНМСКИ РАЗВОЈ**
Бул. „Илинден“ бр.82 Скопје
Тел:02 3 297-272

## Содржина:

ВОВЕД ........................................................................................

ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО........................................................

МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП.............................................................

ПРЕГЛЕД СО ЗАКЛУЧОЦИ.................................................................

Град Скопје

**ГРАД СКОПЈЕ-СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНМСКИ РАЗВОЈ**
Бул. „Илинден“ бр.82 Скопје
Тел:02 3 297-272

## ВОВЕД

Со Законот за локална самоуправа, донесен во 2002год. и Законот за Град Скопје ( 2004 год.) локалниот економски развој е надлежност на Град Скопје и единиците на локалната самоуправа на територијата на Градот. Овој сегмент на дејствувањето на Градот Скопје претпоставува изградени капацитети на градската администрација, за соработка со општините, институциите за поддршка на МСП и невладиниот сектор, како и директна поврзаност со бизнис заедницата, се со цел -подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, преку креирање на економската и општествената благосостојба.

Големата улога и значењето на малите и средните претпријатија на територијата на Град Скопје се огледува преку број на фирмите, бројот на вработените кои тие ги ангажираат, додадената вредност која ја создаваат и прометот кој тие го остваруваат. Имено, деловните субјекти во Градот Скопје, претставуваат над 90% од сите регистрирани, активни претпријатија во Република Македонија во кои се вработени 76,7% од вкупно вработените во РМ. Исто така фирмите во Скопје се одговорни за 68,2% од вкупниот промет во државата и во вкупната додадена вредност учествуваат со 65,6%.

Град Скопје

**ГРАД СКОПЈЕ-СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНМСКИ РАЗВОЈ**
Бул. „Илинден“ бр.82 Скопје
Тел:02 3 297-272

## Цели на истражувањето

Основна цел на ова истражување е да се испита мислењето на деловните субјекти (фирмите) кои делуваат на територијата на Градот Скопје за соработката помеѓу Градот Скопје и бизнис секторот.

Градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа преку Секторот за локален економски развој односно одделението за планирање на локалниот економски развој, согласно своите надлежности користи најразлични форми и активности за продлабочување на соработката со бизнис заедницата преку формирање на Советодавно тело за економски развој,учество на манифестации за промоција на претриемништвото и МСП, заедничко учество во проекти исл.

Имајќи го во предвид фактот дека малите и средни претријатија се движечка сила на економскиот раст и развој, Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа задолжена за локалниот еконосми развој, преку ова истражување сака директно да ги осознае ставовите и мислењата на фирмите за соработката со Градот и другите надлежни институции во насока на подобрување на истите и иницирање на нови форми и облици на соработка , се со цел создавање на стабилна економија на локално па и регионално ниво.

Град Скопје

**ГРАД СКОПЈЕ-СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНМСКИ РАЗВОЈ**
Бул. „Илинден" бр.82 Скопје
Тел:02 3 297-272

## Методолошки пристап

**Методолошкиот пристап** кој се примени во текот на ова истражување е анкетирањето . Од повеќето начини на кои може да се спроведе анкетирање избран е моделот на анкетирање по пат на прашалник. Прашалникот е испратен по електронски пат (e-mail) од страна на вработените во Секторот за ЛЕР на Град Скопје. Лицата кои го спроведуваа ова истражување ги земаа во предвид и предностите и недостатоците од овој начин на анкетирање. Тука пред се се мисли на кратење на времето на достава на прашалникот од испраќачот до испитаниците и ниските трошоци за спроведување на анкетирањето, како предности од една страна и ризикот од мал процент на одговорени прашалници како недостаток од друга страна.

Изборот на испитаниците во ова анкетирање е извршен врз основа на податоците за деловни фирми (е-маил адреси) со кои располага Секторот за ЛЕР и врз основа на досегашната соработка со истите.

### Дизајнирање на прашалник

Содржина на прашалникот:

1. Податоци за претпријатието
   - Општи податоци за претријатието
   - Податоци за основање/организација
   - Деловни активности
   - Развој/инвестиции на компанијата во наредната година

2. Соработка со Град Скопје

   -Поддршка од централната и локалната власт, бизнис коморите и невладиниот сектор

   - Конкретни форми на поддршка и соработка со Градот Скопје

   -Конкретни идеи за соработка и поддршка со Град Скопје во наредниот период

   -Очекувана поддршка од Град Скопје (информации и услуги, обуки, бизнис поврзување)

   -Заинтересираност за учество во Градски бизнис форум

Прашалникот вклучува прашања со чии одговори треба да се извлечат показатели за:

- Институционалната поддршката на бизнис секторот
- Досегашната соработка на Градот со бизнис секторот (послените 3 години)
- Можностите за соработка во наредниот период (конкретни идеи од страна на бизнис секторот)
- Можните видови на соработка или поддршка помеѓу Град Скопје и бизнис секторот
- Нивото на заинтересираност на фирмите за учество во Градски бизнис форум

**Обработка и анализа на податоците**

За обработката и анализата на прибраните податоци од прашалниците, Градот Скопје ги искористи сопствените капацитети, односно вработените лица во Секторот за ЛЕР и не користеше надворешни консултанти.

Град Скопје

**ГРАД СКОПЈЕ-СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНМСКИ РАЗВОЈ**
Бул. „Илинден“ бр.82 Скопје
Тел:02 3 297-272

## СУМАРЕН ПРЕГЛЕД – ЗАКЛУЧОЦИ

Од спроведеното испитување на бизнис секторот и направените анализи, може да се сумираат следните заклучоци:

1. Во врска со Институционалната поддршка на бизнис секторот, генерално резултатите говорат дека локалните бизниси не добиваат значајна поддршка од сите посочени институции (централна власт, локална власт, бизнис комори и невладин сектор). Не добивањето поддршка е најизразено кај невладиниот сектор и е 80 % од вкупниот број испитаници, 60 % кај централната власт и 40 % кај локалната власт и бизнис коморите. Доколку се навлезе подлабоко во анализата може да се увиди дека корисна поддршка добиваат само од локалната власт но и таа изнесува прилично мал процент (20%) во однос на вкупниот број испитаници. Останатите испитаници се изјасниле дека може и подобро.

**Слика 1: Институционална поддршката на локалните бизниси**



Град Скопје

**ГРАД СКОПЈЕ-СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНМСКИ РАЗВОЈ**
Бул. „Илинден“ бр.82 Скопје
Тел:02 3 297-272

2. Во однос на досегашната соработка на бизнис секторот со Градот Скопје резултатите од спроведената анкета покажуваат дека соработката е на многу ниско ниво бидејќи само 20 % од испитаниците одговориле дека имаат некаков вид соработка /поддршка од локалната власт која главно се однесува на соработката за надминување на проблемите со комуналните услуги и водоснабдувањето. Ова значи дека Градот треба да преземе мерки за продлабочување на соработката .

- **Слика 2: Досегашната соработка на Градот со бизнис секторот (послените 3 години)**




3.Во однос на поставеното прашање за конкретни идеи за соработка, само 20 % од испитаниците се изјасниле дека имаат конкретни идеи и иницијативи за соработка со лакалната власт , кои главно се однесуваат на подобрување на инфраструктурата, поставување на сообраќајни знаци, осветлување, изградба на водоводна и канализациона мрежа исл. Самата анализа ни покажува дека и кај бизнис сектрот отсуствува иницијативноста за заедничка соработка и поддршка.Ова значи дека и бизнис секторот во иднина треба да биде поамбициозен и да иницира идеи и проекти за заедничка соработка со институциите .

4.Во однос на можните видови на соработка или поддршка добиените резултати покажуваат дека бизнис секторот има интерес за различни облици на соработка и тоа информациски услуги, обуки и бизнис поврзување.

Кога станува збор за информациските услуги најголем дел од испитаниците (40 %) имаат потреба од совети и услуги за технолошки подобрувања на своите работни процеси и стандарди , додека пак 20 % од испитаниците имаат потреба од совети и информации за отварање на можности за нови пазари.

Во однос на обуките како вид на поддршка од лакалната власт најголем дел од испитаниците (30%) имаат потреба од обуки за деловно планирање, 20 % за маркетинг и промоција , за информациска технологија и 10 % за менаџмент.

Кога станува збор за бизнис поврзувањето речиси 80% од испитаниците одговориле дека преферираат директни бизнис средби.

5. Во однос на заинтересираноста за учеството во Градски бизнис форум мислењата и ставовите се скоро поделени, 60 % од испитаниците не се заинтересирани за учество во ваков форум , а 40 % се заинтересирани за активно учество во Градски бизнис форум.

**Слика 4: Учество во Градски бизнис форум**




**Сектор за локален економски развој**